**ЗАПИСНИК**
**од осмата седница на Совет на општина Гевгелија**
**одржана на 28.02.2018 година**

На осмата седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 12 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колку што брои Советот.

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа: Сашо Поцков-Градоначалник на општина Гевгелија, Лилјана Кичукова –вработена во општината ,Тони Николов-вработен во општината, Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, Миле Ничевски директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија, Миле Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, Ѓорги Чурлинов вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија и Ангел Наков претставник на ЗГ "СПАС ЗА НАС"-Гевгелија.**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет Ташко Дојчинов ја отвори осмата Седница на Совет на општина Гевгелија.

Претседателот отвори расправа по записникот од седмата седница одржана на **29.01.2018**

Претседателот го стави на гласање записникот од седмата седница и **Советот едногласно го усвои .**

За работа на осмата седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Предлог-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2018 година,

2.Предлог-Програма за финансирање на програми и проекти од обласа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2018 година,

3.Предлог-Програма за поддршка на Месните заедници од општина Гевгелија за организирање активности во 2018 година,

4.Предлог-Програма за поддршка на НВО-секторот од општина Гевгелија за организирање проекти и активности во 2018 година,

5.Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година,

6.Предлог-Одлука за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година,

7.Предлог-Извештај за извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во општина Гевгелија, состојба на 31.12.2017 година.
8.Предлог-Одлука за формирање медицинска екипа за укажување медицинска помош на повредени лица во пожар на подрачјето на општина Гевгелија,
9.Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година,
10.Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година,
11.Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито"-Гевгелија за 2017 година,
12.Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито"-Гевгелија за 2018 година,
13.Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2017 година,
14.Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година,
15.Предлог-Извештај за работата на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2017 година,
16.Предлог-Програма за работа на ЈОУ Работнички универзитет "Кирил и Методија"-Гевгелија за 2018 година,
17.Предлог-Барање за добивање позитивно мислење од Советот на општина Гевгелија за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од 5-то одделение од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, планирана за месец Април/мај 2018 година, како и на Анексот на Програмата за изведување на екскурзија со 6-те одделенија којашто ќе се реализира во месец април 2018 година,
18.Предлог-Програма за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година,
19.Предлог-Извештај за состојбата со јавната безбедност на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност-Гевгелија за второто полугодие на 2017 година,
20.Предлог-Информација од ЗГ "СПАС ЗА НАС"-Гевгелија за актуелната состојба врзана со отварањето на рудникот за бакар и злато **"Казандол".**

Претседателот на Совет ги повлече од дневен ред точките под реден број 8,11,12,15,16,и 19 и ќе се разгледуваат на некоја од наредните седници.

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог точките под реден број 1,2,3 и 4 да се повлечат од дневен ред и да се ставаат на наредната седница одкога ќе бидат доставени извештаите на апликантите за потрошените средства од претходната година.

**Сашо Поцков градоначалник на општината** образложи дека според програмата за работа на Советот кој ја донесе советот предвидено е во месец Јануари да се се стават на дневен ред овие програми а извештаите да се разгледуваат во месец Март и смета дека треба да се водат по оваа програма за работа а ако постои проблем околу извештаите предлага за наредната година да се промени програмата за работа на совет и разгледувањето на извештаите да биде поставено во месец јануари.

**Томе Кичуков член на Совет** даде забелешка дека како членови на Комисијата на спорт и култура не им се доставени на увид сите апликации и потребната документација за овие точки од страна на администрацијата и постојат апликанти кои немаат добиено финансии а советниците во доставената документација неможат да увидат кои се тие апликанти кои не добиле средства , токму поради наведените забелешки советникот ќе гласа за симнување од дневен ред на овие точки.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов точката под реден број 1 да се симне од дневен ред и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов точката под реден број 2 да се симне од дневен ред и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов точката под реден број 3 да се симне од дневен ред и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлогот на советникот Ристо Камов точката под реден број 4 да се симне од дневен ред и **Советот со 7 гласа "за", 2 "воздржани" и 10 "против "не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави дневниот ред на гласање и **Советот со 11 гласа "за", 7 "воздржани" и 1 не гласал го усвои.**

**Ристо Камов член на Совет** даде предлог точките под реден број 5 и 6 да се разгледуваат како точки 1 и 2 и **Советот едногласно го усвои.**

**Точка 1. Предлог-Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 18 гласа ја усвои.**

**Точка 2. Предлог-Одлука за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Лилјана Кичукова вработена во општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2017 година и **Советот со 18 гласа ја усвои.**

**Точка 3**. **Предлог-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов-,Трајче Арџанлиев, Ристо Ѓоргиев,Томе Кичуков,Тотор Ристов,Андон Сарамандов,Тихомир Ручкоманов, Магдалена Делковска, Виктор Кралев, Зоран Лазаровски, членови на Совет,Сашо Поцков градоначалник на општината.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** даде предлог поднесените амандмани директно да се расправаат на седницата без да се расправаат на комисии и **Советот едногласно го усвои овој предлог.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ,на РК Партизан да им се одобрат плус 200 000 денари од Програмата за финансирање на спортските активности .

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на ЗГ Мистик да им се одобрат плус 30 000 денари од Програмата за финансирање на спортските активности од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на ЖРК Гевгелија да им се одобрат плус 200 000 денари од Програмата за финансирање на спортските активности од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на бодибилдинг клуб ТОР ЏИМ да им се одобрат плус 50 000 денари од Програмата за финансирање на спортските активности а да бидат одземени од доделените средства на ПРИМА баскет школа .

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и **Советот со 7 гласа "за" , 11 "против" и 1 воздржан не го усвои.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 10 гласа "за" , 7 "против" и 2 воздржан ја усвои.**

**Точка 4. Предлог-Програма за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Игор Илков,Андон Сарамандов,Ангелинка Петкова ,Марија Магдинчева-Шопова,Магдалена Делковска,Ристо Камов,Тихомир Ручкоманов,Томе Кичуков,Тодор Ристов,Зоран Лазаровски членови на Совет.**

**Ангелинка Петкова член на Совет** смета дека наместо КУД ТАНЕЦ Миравци и КУД БОЈМИЈА Гевгелија да им бидат доделени по 150 000 денари а на КУД Браќа Толеви Прдејци и КУД Негорци по 100 000 денари ,предлага на сите Културни уметнички друштва да им се доделат подеднаково по 150 000 денари а средствата да се одземат од ставката други активности .

**Марија Магдинчева-Шопова член на Совет** предлага во оваа програма под реден број 48 да се зголеми износот на средства од ставката други активности за 100 000 денари.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на КУД Браќа Толеви Прдејци да им се одобрат плус 50 000 денари од Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 7 гласа "за" ,9 "против" и 1" воздржан" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на КУД Негорци да им се одобрат плус 50 000 денари од Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 8 гласа "за" и 9 "против" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** го стави на гласање предлог- заклучокот на советникот Тодор Ристов исплатата на средствата да биде по доставувањето на извештаите за потрошени средства од претходната година и **Советот со 11 гласа "за" и 7 воздржани го усвои.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2018 година и **Советот со 11 гласа "за" ,6 воздржани и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 5. Предлог-Програма за поддршка на Месните заедници од општина Гевгелија за организирање активности во 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за поддршка на Месните заедници од општина Гевгелија за организирање активности во 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Магдалена Делковска,Ристо Ѓоргиев - членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за поддршка на Месните заедници од општина Гевгелија за организирање активности во 2018 година и **Советот со 16 гласа "за" ја усвои.**

**Точка 6. Предлог-Програма за поддршка на НВО-секторот од општина Гевгелија за организирање проекти и активности во 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за поддршка на НВО-секторот од општина Гевгелија за организирање проекти и активности во 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Ристо Камов,Ангелинка Петкова ,Зоран Лазаровски - членови на Совет,Сашо Поцков –Градоначалник на општината.**

**Ангелинка Петкова член на Совет** даде предлог на Кинолошко друштво Кожуф Гевгелија да му се одобрат плус 50 000 денари од ставката други активности.

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** даде предлог поднесените амандмани по оваа програма директно да се расправаат на седницата без да се расправаат на комисии и **Советот едногласно го освои овој предлог.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на Кинолошко друштво Кожуф да им се одобрат плус 50 000 денари од Програмата за поддршка на НВО-секторот од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 9 гласа "за" и 10 "против" не го усвои.**

**Ташко Дојчинов претседател на Совет** отвори расправа по поднесениот амандман од советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата, на ЗГ Мегленија да им се одобрат плус 50 000 денари од Програмата за поддршка на НВО-секторот од ставката други активности.

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот го стави амандманот на гласање и и **Советот со 7 гласа "за" , 9 "против" и 1 воздржан не го усвои.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за поддршка на НВО-секторот од општина Гевгелија за организирање проекти и активности во 2018 година ,и **Советот со 13 гласа "за" и 4 воздржани ја усвои.**

**Точка 7. Предлог-Извештај за извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во општина Гевгелија, состојба на 31.12.2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Извештајот за извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во општина Гевгелија, состојба на 31.12.2017 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Тони Николов-вработен во општината ,Ристо Камов,Марија Магдинчева-Шопова,Магдалена Делковска, членови на Совет, Сашо Поцков –Градоначалник на општината.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Извештајот за извршениот попис на побарувањата и обврските, паричните средства и хартиите од вредност во општина Гевгелија, состојба на 31.12.2017 година и **Советот со 12 гласа "за" и 4 не гласале го усвои.**

**Точка 8. Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година

Тодор Ристов -член на Совет даде предлог точките под реден број 9 и 10 да се разгледуваат заедно а да се гласаат поединечно исто така и точките под реден број 13 и 14 да се разгледуваат заедно а да се гласаат поединечно.

Во претресот по точките 9 и 10 учествуваа: **Дамјан Ѓуров директор на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија, Ристо Камов,Магдалена Делковска ,Марија Магдинчева –Шопова -членови на Совет**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 5 гласа "за" и 9 воздржани не го усвои.**

**Точка 9. Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната програма за работата на ЈОУ Библиотека "Гоце Делчев"-Гевгелија за 2018 година и **Советот едногласно ја усвои.**

**Точка 10. Предлог-Годишен извештај за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2017 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2017 година

Во претресот по точките 13 и 14 учествуваа: **Миле Ничевски директор на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија,Магдалена Делковска,Ристо Камов,Томе Кичуков,Тихомир Ручкоманов-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Годишниот извештај за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2017 година и **Советот со 7 гласа "за" и 9 воздржани и 1 не гласал не го усвои.**

**Точка 11. Предлог-Годишна програма за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Годишната програма за работата на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2018 година и **Советот со 7 гласа "за" и 9 воздржани и 1 не гласал не ја усвои.**

**Точка 12. Предлог-Барање за добивање позитивно мислење од Советот на општина Гевгелија за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од 5-то одделение од ООУ "Крсте**

**Мисирков"-Гевгелија, планирана за месец Април/мај 2018 година, како и на Анексот на Програмата за изведување на екскурзија со 6-те одделенија којашто ќе се реализира во месец април 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Барањето за добивање позитивно мислење од Советот на општина Гевгелија за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од 5-то одделение од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, планирана за месец Април/мај 2018 година, како и на Анексот на Програмата за изведување на екскурзија со 6-те одделенија којашто ќе се реализира во месец април 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Миле Петров директор на ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Барањето за добивање позитивно мислење од Советот на општина Гевгелија за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од 5-то одделение од ООУ "Крсте Мисирков"-Гевгелија, планирана за месец Април/мај 2018 година, како и на Анексот на Програмата за изведување на екскурзија со 6-те одделенија којашто ќе се реализира во месец април 2018 година , и **Советот со 17 гласа "за" го усвои.**

**Точка 13. Предлог-Програма за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година.**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година.

Во претресот по точката учествуваа: **Ѓорги Чурлинов вработен во ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија ,Ристо Камов,Зоран Лазаровски,Петар Стојанов-членови на Совет.**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Програмата за работни активности на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија за 2018 година, и **Советот со 14 гласа "за" и 1 не гласал ја усвои.**

**Точка 14. Предлог-Информација од ЗГ "СПАС ЗА НАС"-Гевгелија за актуелната состојба сврзана со отварањето на рудникот за бакар и злато "Казандол".**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Информација од ЗГ "СПАС ЗА НАС"-Гевгелија за актуелната состојба сврзана со отварањето на рудникот за бакар и злато **"Казандол".**

Во претресот по точката учествуваа: **Ангел Наков претставник на ЗГ "СПАС ЗА НАС"-Гевгелија ,Ристо Камов,Томе Кичуков,Виктор Кралев,Тодор Ристов - членови на Совет.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори осмата седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на општина Гевгелија**
**Ташко Дојчинов**